Еден од најважните аспекти на дипломатијата и меѓународните односи е толкувањето на мотивите, интересите и разбирањето за себе и другите од страна на нашите соговорници. Кон овој процес бездруго ни помагаат заеднички утврдените норми, регулативи и пракси, кои овој значајаен толковник толку пластично и прагматично ги доловува. Помагајќи им во одгатнувањето на овој специфичен код на меѓународна комуникација професор Маролов и д-р Мирославева им ги подотвораат на македонските студенти и поширокота заинтересирана јавност портите кон едно возбудливо патување низ коридорите на светскиот дијалог.

Проф. д-р Љубен Тевдовски

Дипломатскиот преведувач е одлична збирка на објаснети професионални концепти, кои не се важни само за професионалците и студентите, туку и за образованието на граѓаните во контекст на специфичноста на нашите евроатлантски интеграции, и тешкотиите и блокадите што ги имавме во градењето на нашата македонска држава.

д-р Андреј Лепавцов, амбасадор

ДИПЛОМАТСКИ ТОЛКОВНИК

# ДИПЛОМАТИЈА И МЕЃУНАРОДНО ПРАВО

## Толковник во македонски контекст



д-р Дејан Маролов д-р Наташа Мирославева